СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 февруари 1994 година

Скопје, февруари 1994 година

**73-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 2.11.1994 год.**

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 12
2. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 11, 12, 13.
3. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 7, 8, 9
4. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 2

-ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 февруари 1994 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам 73-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ѓулистана Марковска, Димитар Димитровски и Благоја Чкатровски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

По барање на Владата на Република Македонија ја свикав оваа седница,на која треба Собранието да ги разгледа и да ги донесе актите со кои ќе се овозможи измируваше на обврските на Република Македонија спрема меѓународната банка за обнова и развој и одобрување на заем и кредит за економска обнова на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата од свикување на оваа седница и основната и неодложна употреба за донесување по итна постапка на законот за задолжување на Република Македонија во странство, законот за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој за заем (заем за економска обнова) и законот за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународното здружение за развој, за кредит за развој (кредит за економска обнова).

Има збор министерот за финансии Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРАДИНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, да се сфати нужноста од одржување на оваа седница и донесување, по итна постапка, на овие закони, потребно е кратко да ве потсетам за она што сме одлучувале како парламент при донесувањето на Буџетот за 1994 година во средината на месец декември минатата година. Во тоа време бевте информирани и Вие усвоивте дека во Република Македонија се прикажува буџетски дефицит и беа утврдени износите и при тоа беше речено и напишано дека се овластува Владата да склучува договори за изнаоѓање извори и склучување на договори за покривање на дефицитите за 1994 година, утврдени со буџетот.

Република Македонија се прими во Меѓународниот монетарен фонд, а во последно време и во Светската банка. Прв пат се случи во практиката на меѓународната банка за обнова и развој некоја земја да се прогласи дека е членка пред да ги измири стасаните обврски на тој ден. Беше дадена можност во минатите два месеци Владата на Македонија да прави напори да изнајде извори на средства прво за измирување на

стасаната обврска со цел и да се стане членка на банката и да може да воспостави нормални односи со оваа важна меѓународна финансиска организација,што е исто така услов да може како држава во иднина да стапи во финансиски и други врски со други меѓународни финансиски организации и институции.

Овие преговори траеја подолго време и тие се приведени кон крај. Најмногу траеја очекувањата за земјите кои изразија готовност да и помогнат на Македонија да изнајде средства да ја измири оваа стасана обврска, што ја водеше оваа активност, кралството Холандија. Откако се утврди колкав е износот на средствата кои се подготвени да го дадат, се направи сценарио за вкупниот износ од 107 милиони долари кои е стасан долг и за 8 февруари е закажана седница на Одборот на извршните директори на банката , каде треба да се одобрат кредитите за економска обнова на Република Македонија и од Меѓународното здружение за развој, со тоа што исто така е предложено на 14 февруари да се изврши самата трансакција односно дефинитивното измирување на долгот спрема Светската банка.

Упатено е писмо до претседателот на Република Македонија од страна на директорот на банката, каде што моли парламентот на Македонија пред дефинитивното потпишување да ги одбори овие две спогодби за заем и за кредит, затоа што сите учесници во измирувањето на обврските чекаат едни на други. Главен збор, прв, треба да каже Собранието на Република Македонија дека ги одобрува овие договори и тие потоа би биле потпишани во непроменет текст од оној што Ви е сега доставен во прилог на поканата за оваа седница.

Во измирувањето на стасаните обврски Ѕе учествуваат споменатите земји јас не сакам сите да ги спомнувам, тие се неколку европски и други земји во износ од 35 милиони долари, после тоа

девизните резерви на Македонија мора да се побараат со 24 милиони денари, понатаму еден краткорочен кредит за премостување , кој е во организација на централната банка на Холандија треба да го даде Банката за меѓународни пресметки во Базел и бидејќи недостасуваат средства од Фондацијата Сорос е изразена готовност повторно да се одобри кредит од 25 милиони долари и со ова дефинитивно се изнајдени средствата за измирување на обврската. Со тоа автоматски Одборот на банката на 8 овој месец ќе донесе одлука за одобрување кредит за економска обнова на Македонија од 40 милиони долари заем и Меѓународното здружение за развој, кое е афилијација на Светската банка, значи институција на Светската банка, исто така 40 милиони долари, кои потоа би се користеле исто така за враќање на долгот преземен од овој краткорочен кредит, а во текот на годината и средствата што се потребни за враќање на кредитот од Фондацијата Сорос.

Со ова до крај се операционализира сценариото изнесено при донесувањето на Буџетот и позициите на Буџетот се димензионирани уште тогаш врз база на овие преговори, со тоа што во тоа време бидејќи не се знаеја прецизните и дефинитивни износи, тие сега се знаат и неопходно е да се донесат овие закони што побрзо за да ја известиме банката на 8 февруари аз да одлучува во оваа смисла во која досега Ви зборував, а на 16 февруари сите овие кои изразиле готовност ефективно да ги извршат своите обврски спрема Светската банка и Македонија, што е битно да се каже , дефинитивно ќе може да стапи и да преговара околу репрограмирањето на другите долгови што ги има спрема комерцијалните банки и владините агенции кои се многу поголеми. Ова е услов за да може да се стапи во преговори за изнаоѓање решенија за стасаните долгови спрема другите меѓународни финансиски институции.

I/5.-

Со ова дефинитивно Македонија , во оваа смисла во која ние сме зборувале, се операционализира членството и во Меѓународниот монетарен фонд. Испуштив да кажам дека во целото ова сценарио дефинитивно Меѓународниот монетарен фонд/ Одборот на директорите донесе одлука на Македонија да и одобри 35 милиони долари. Исто така, дел би се користеле за измирување на овој долг и за помош во ублажувањето на платно билансните проблеми на Македонија. Тоа е она што досега не беше познато, сега е познато. Тоа чекавме и ние, тоа чекаше и Светската банка и сега е се детално дефинирано.

Молиме овие закони да се донесат бидејќи решенијата внесени во нив веќе се прејудицира!ни уште при донесувањето на почеток на Република Македонија. Секое поинакво решение значи враќање назад во финансиите околу вкупната финансиска ситуација на држава Македонија, усвоена со донесувањето на Буџетот за 1994 година. Јас очекувам и длабоко сум убеден дека ова ќе се сфати и ќе се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на Владата овие закони да се донесе по итна постапка, молам да крене рака.

55 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

23 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Со оглед на карактерот и значењето на прашањата што се предлагаат да се разгледуваат на оваа седница, предлагам да не се

дополнува Предлогот на дневниот ред и да не се поставуваат пратенички прашања.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака.

53 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? 2 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

17 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот **дневен ред:**

1. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија во странство.

2. Предлог на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој за заем (заем за економска обнова).

3. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународното здружение за развој за кредит за развој (кредит за економска обнова).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

53 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

2 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

16 пратеници се воздржаа од гласање.

I/7.-

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот дневен ред.

Преминуваме на **прва та точка**.

Заради рационално работење на Собранието во смисла на член 107 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагам по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

49 пратеници гласаа за.

Дали има некој против.

30 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржа од гласање.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Господинот Томислав Стефковски процедурално сака нешто да праша.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, имаме 73-та седница и задача е на парламентот да изврши ратификација на три договори. Ако внимателно го прочитавте и писмото од претседателот на Владата, ние треба да ратификуваме договори што не се потпишани. Тоа јасно говори дека ние треба да дадеме бланш-карт, едно одобрение да се потпишуваат и склучуваат договори какви што сака Владата, а такво овластување нема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа ќе расправаме, но дајте сега што е процедурално, што е интервенцијата.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Да Ви објаснам што е интервенцијата. Од текстот на договорите за прв пат се принудува овој парламент се принудува да го прифати името бивша Југословенска Република Македонија. Од тука тоа налага дека треба да се пристапи сериозно во расправата за оваа 73-та седница, па оттука барам пауза од 1,00 час за пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Давам пауза од 1,00 час. Поточно, во 15,00 часот ќе продолжиме со работа.

(Паузата отпочна во 13,40 часот).

II/1.-СП/МЛ

(Седницата продолжи со работа во 15,20 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Преминуваме на **првата точка** од дневниот ред - Предлог на закон за задолжување на Република Македонија во странство.

Предлогот на законот ви е поделен.

Пред да продолжиме со расправа, господинот Стефковски са- ка да објасни околу паузата што ја бараше.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници паузата што ја побара пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ имаше свое оправдување - да извршиме повторна консултација на членот 118 и 119 од Уставот на Република Македонија.

Согласно членот 118 "Собранието на Република Македонија ратификува договори што се во согласност со нејзиниот Устав и како такви стануваат составен дел на правниот поредок на Република Македонија". Нам во дадениот случај ни се предлагаат точки на дневен ред на нова седница и набрзина да се донесат некои закони кои се во спротивност со Уставот на Република Македонија. Пред се, ние сме принудени да расправаме и одлучуваме за закони за содржина на договори, а не знаеме каква е содржината на тие договори. Многу е јасно дека ако не знаеш што закон носиш и ако не знаеш што ќе пишува во договорот дека е тоа спротивно на Уставот, односно со тоа фактички таа спротивност на Уставот го девалвира самиот Парламент. Се ратификува она што е веќе потпишано како договор меѓу две странки. Дали е тоа Сорос или некој меѓународен монетарен фонд и слично во услови на ратификација мора да постојат две странки. Оттука немаме потпишан договор, туку напротив се овозможува Владата да изврши некаков

договор откако ние, како Парламент, ќе дадеме гаранција за она што е предмет на овие закони. Меѓутоа, она што е уште полошо во дадениот случај кај меѓународните договори е фактот што веќе во членот 2 од законите што се нудат се во правниот промет на Република Македонија се овозможува употреба внатре во нашата држава во Република Македонија името бивша југословенска Република Македонија. Прочитајте го членот 2 ќе ви биде јасно дека договорот каде се врши промена на името е составен дел на Законот. Значи, со Законот вршиме промена на името, веројатно ќе се гласа со 80 пратеници, бидејќи тоа е постапката кога се врши одредена промена на Уставот.

Да бидеме попрецизни. Мислам дека не е за првпат на ваков начин да биде оневозможена опозицијата да каже свое мислење во врска со точките од дневниот ред на денешната седница. Морам да ви кажам дека ние како пратеничка група, поголемиот број на пратеници, колку имавме време поднесовме амандмани токму на законите кои се однесуваат на меѓународните договори. Ова го правиме со цел една практика да биде напуштена во овој Парламент дека и во други случаеви кога сме имале итни прашања по барање на Владата, седницата се прекинувала и по истите прашања се произнесувале надлежните комисии во Парламентот. Ако веќе сме утврдиле такво правило, се поставува прашање за едно многу суштествено значење, задолжување на Републиката како гарант за 107 милиони долари, тоа е една огромна сума, да не се произнесе ни една комисија во Парламентот, мислам дека е свој преседан и дека таа практика е многу штетна за интересите на државата. Во тој случај нашите амандмани сметам дека треба да бидат повод да се прекине седницата и по нашите амандмани да се произнесат соодветните комисии на Парламентот. Тука мислам на Комисијата за буџет, Комисијата за стопанство и Законодавно - правната комисија на Парламентот, бидејќи имаме перфектен начин - обид за промена на

името на Република Македонија кое веќе ќе живее постојано во правниот поредок на оваа држава.

Од тие соображенија нашата пратеничка група бара да се почитува Деловникот во смисла да се прекине седницата и да се закаже расправа по комисиите за да можеме да слушнеме оригинални и вистински мислења од комисиите по предлозите кои се на дневен ред. Вака во спротивно ќе бидеме изманипулирани како што и често до сега се работеше.

Значи, мојот предлог е многу јасен, барам да се прекине седницата и по истите предлози се произнесат надлежните комисии, бидејќи тоа е една практика која веќе мора да се почитува и од страна на Претседателството на ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, јас морам да појаснам. Пратеничка група, се разбира, може да бара прекин на седницата, меѓутоа, треба да каже за кое време и ние мораме да го овозможиме тоа. Меѓутоа, дали комисиите ќе ги гледаат или не, деловнички не постои обврска комисиите да ги гледаат, но, до колку некоја комисија сака, Собранието може да одлучи и да ги обврзе комисиите. Меѓутоа, може некои комисии сами да бараат јас само ве известувам дека до сега ни една комисија односно претседател не побарал да закаже седница ниту барале. Во тоа е работата, а ако некој од претседателите на комисиите бара или намерава да закаже седница и оценува дека е потребно, треба да ме информира.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, основното што треба да се сфати е тоа дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ како опозициона партија не е

против финансиските потреби на оваа држава. Ние сакаме....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вам ви дадов збор само како претседател на комисија, инаку немаме расправа за ништо друго.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете господине претседателе не реков да расправаме, секое нешто има вовед, па оставете човек да каже некој збор. Ако сакате само да не раководите како што вие сакате да правиме, тогаш ниту е опозиција ниту позиција, ниту е Парламент, туку нечија своина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не не, вие сте овде како претседател на комисија не сте како припадник на една пратевичка група.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Зошто сакав да кажам дека е нужно да се расправа и пред работните тела на Собранието. Во вакви случаи кога имаме потреба, дали е тоа политичка, економска или било каква потреба за државата, треба да се постигне еден договор во целото Собрание, да се штити државниот интерес, а не да се повредуваат правилата кои се пропишуваат за работа на Собранието. Деловникот се донесува токму за тоа да биде гаранција

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па затоа господине Стојановски вие требаше до сега како претседател на комисија, но не сте истакнале потреба дека треба да ги гледате на комисијата. Истакнете ја таа потреба јас ќе ја прекинам седницата. Вие приповедате работи кои немаат врска со вашата функција. До сега, ако сте мислеле така требало да ни соопштите. Еве и

сега не ми соопштувате, кажете ми и сега дали сакате или не седница на комисија. Ако оценувате дека има потреба веднаш ќе ја прекинам седницата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе Стојан Андов, имате збор можете да зборувате, а кога ќе добијам збор, тогаш јас ќе зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, еве ви давам збор како претседател на комисија да се изјасните.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега се разбравме јас имам збор, а не вие. Основното овде е тоа што мора сите комисии да ги гледаат овие работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Стојановски немате овластување во името на другите комисии да зборувате, туку само за својата комисија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од името на Законодавно - правната комисија истакнувам потреба и тоа ќе настојувам во целосен состав да ги повикам и членовите кои не се во овој Парламент, туку се од надвор. Што значи дека ќе треба да ми се даде време да ги повикам овие луѓе и да расправаме по овие три проекти. Тоа е кратко и јасно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ја прекинувам седницата, ЗПК ќе заседава и ќе не извести кога завршила со работа.

Ве молам и другите комисии нека закажат седници.

(Седницата прекина со работа во 15.30 часот).